ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.

Бр. 02 - 998/19
Прилеп 09.06 2023 год.

Врз основа на член 363 став 1, член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва и член 49 став 1 алинеа 3 од Статутот на Тутунски комбинат АД -Прилеп, а во врска со член 385 став 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на продолжената седница одржана на ден 09.06.2023г. ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**За отповикување на член на Одборот на директори на**
**Тутунски комбинат АД Прилеп**

член 1

Кире Станкоски од Прилеп со адреса на живеење на ул. Д.Кососка – Мирисал бр.12 Прилеп и бр.на л.к. А2129258, се отповикува од функцијата извршен член на Одбор на директори на Тутунски комбинат АД Прилеп .

член 2

Се овластува регистрационен агент да поднесе пријава за бришење на упис во трговскиот регистар на Р.Северна Македонија на извршниот член Кире Станкоски .

член 3

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Согласно член 363 став 1, од Законот за трговски друштва Собранието може да ги отповика сите членови на одборот на директори, односно на надзорниот одбор, односно член на овие органи и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието, освен ако со овој закон поинаку не е определено, односно ако со статутот не е определено поголемо мнозинство. Со статутот можат да се определат и други услови за усвојување на одлуката.

Согласно член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор.

Доставено:
-Претседавач на собрание на акционери
-Претседател на Одбор на директори
-Одбор на директори
-Именованиот
-Архива

Претседавач
со Собрание на акционери
Зоран Трајкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7